Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Друштво за производство, трговија и услу
ПРИМАТЕКС
Бранка ДООЕЛ експорт - импорт
Бр. 03-406/1
13.09 2016 г.
Скопје

Република Македонија
Министерство за здравство
50-та Дивизија бр.6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.: (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

19-307/2
15-09-2016

Врз основа на член 8, став 2, точка 10 и член 121 став 1 од Законот за хемикалии, ("Службен весник на РМ" бр. 145/10, 53/11,164/13,164/2013,116/2015 и 149/2015) решавајќи по барањето УП1 19-307 на **"ПРИМАТЕКС " Бранка ДООЕЛ од Скопје** за издавање на одобрение за ставање во промет на детергент, Министерството за здравство донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ИЗДАВА ОДОБРЕНИЕ** за ставање во промет на детергентот **SUMA MULTI D2**, за професионална употреба, на производителот: „Diversey"–Италија,Р.Чешка,Холандија и Унгарија како и за користење на површинска активна супстанција во детергентот: **SUMA MULTI D2**(alkyl alcohol ethoxylate)на производителот „Diversey"–Италија,Р.Чешка,Холандија и Унгарија.

**Одобрението за ставање во промет важи 5 години од денот на донесувањето на решението.**

*О б р а з л о ж е н и е*

**"ПРИМАТЕКС " Бранка ДООЕЛ од Скопје**, со седиште на Бул. „Александар Македонски " бр.46А во Скопје, поднесе барање во Министерството за здравство да се издаде одобрение за ставање во промет на детергент под име, состав, со класификација и пакување, дадени во диспозитивот на ова решение, согласно Правилникот за методите за утврдување на биоразградливоста на површинско активните субстанции во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите ("Службен весник на РМ" бр. 74/11) и Правилникот за податоците за содржината на детергентите кои треба да бидат наведени на пакувањето, како и општите и посебни правила на означувањето на пакувањето на детергентите ("Службен весник на РМ" бр. 84/11). Со барањето за ставање во промет е поднесена потребната документација.

Министерството за здравство го разгледа барањето и констатира дека досието ги содржи податоците од член 21, став 2 од Законот за хемикалии ("Службен весник на РМ" бр. 145/10, 53/11,164/13,164/2013,116/2015 и 149/2015), заради што донесе решение како во диспозитивот.

Дипл.фарм Лулјета Вела Османи советник

**Раководител на Сектор,**
**Д-р сци Татјана Петрушевска**
*Доктор на медицински науки*

**Заменик Министер**
**М-р Јовица АНДОВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ